Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 02.12.2020

На 01.12.2020 во 22.20 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Центар го лишиле од слобода В.В.(36) од Струмица, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.12.2020 во 13.50 часот било пријавено дека на бул.„Босна и Херцеговина" во Скопје, патничко возило „бмв", со скопски регистарски ознаки, управувано од А.Х.(23) од Скопје, удрило во велосипед управуван од Ф.Д.(60) од Скопје. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 01.12.2020 околу 12.20 часот на ул.„Илинденска" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода А.М.(31) од гостиварска Долна Бањица, кој претходно извршил кражба на електричен тротинет. По целосно документирање на случајот, против А.М. ќе следува соодветен поднесок, а одземениот електричен тротинет е вратен на сопственикот.

На 01.12.2020 во 14.20 часот било пријавено дека на ул.„Јустинијан Први" во Скопје се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „дачиа сандеро", со скопски регистарски ознаки, управувано од И.Ј.(45) од Скопје и товарно возило „пежо", со скопски регистарски ознаки, управувано од Ј.В.(39) од Скопје, во која бил удрен и пешакот М.С.К.(28) од Скопје. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобил сопатникот од возилото „дачиа сандеро" А.Б.(60), а со телесни повреди се здобиле возачот И.Ј., сопатничка од истото возило М.Б.(49) и пешакот М.С.К., констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 01.12.2020 во 13.20 часот било пријавено дека во с.Драгоманце, општина Старо Нагоричане, при ископ, била пронајдена стара неексплодирана рачна граната. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Куманово, а од екипа на Дирекцијата за заштита и спасување гранатата била безбедно подигната за понатамошна постапка.

На 01.12.2020 во 18.10 часот во Полициската станица Кисела Вода, М.Н.(21) од Скопје пријавил дека на ул.„Саса" бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против И.А.(54) од с.Требиште, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во служба". Пријавениот, вработен како директор во СОУ „Маврово и Ростуше", на 02.10.2018 организирал и спровел екскурзија без претходно објавен оглас и недозволено склучил договор со шест автопревозници за изведување на еднодневната екскурзија во Охрид, со што постапил спротивно на член 19, 20 и 21 од Правилникот за начинот на изведување на училишни екскурзии. Исто така, И.А. на учениците за екскурзијата им наплатил цена повисока од реалната.

На 01.12.2020 во 22.45 часот, полициски службеници од СВР Скопје кај Езеро Треска извршиле преглед на С.Н.(24) од Скопје, при што пронашле нож, електро-шок и гумена палка. Тој бил приведен поради сомнение за сторен прекршок од Законот за оружје. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.12.2020 во 15.18 часот во СВР Штип, од Казнено-поправниот дом Штип било пријавено дека во полуотвореното одделение, на прозорец во затворот, била пронајдена прашкаста материја. Полициски службеници од СВР Штип извршиле увид и ја одзеле прашкастата материја за вештачење. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против П.П.(31) од с.Василево и А.М.(25) од Струмица, двајцата полициски службеници, поради постоење основи на сомнение дека сториле кривично дело „малтретирање во вршење на службата", казниво по член 143 од Кривичниот законик. Пријавените, на 01.12.2020, постапувајќи по Наредба за вршење на служба, околу 09.45 часот, додека биле во КПУ - Затвор Струмица, со цел да извршат достава на пресуда од Основен суд Скопје 1 на Ј.А. од Струмица, осуденик на издржување на казна затвор во КПУ Затвор Струмица, постапиле несовесно за време на вршење на службата на начин што, откако Ј.А. почнал непристојно да се однесува кон нив, тие физички го нападнале во присуство на вработени од затворот. Веднаш по пријавување на настанот, полициски службеници од СВР Струмица во содејство со полициски службеници од Одделот за внатрешна контрола презедоа мерки за целосно расчистување на настанот.

На 01.12.2020 во Полициската станица Кавадарци било пријавено дека при извршување на работни задачи во фабрика во Кавадарци, Д.И.(51) од Кавадарци се здобил со тешки телесни повреди, по што бил пренесен во Општата болница во Кавадарци, каде им подлегнал на повредите. Бил извршен увид на местото од страна на увидна екипа, Трудов инспектор и Јавен обвинител, по чија наредба телото на починатиот е предадено на семејството.

На 01.12.2020 во ОВР Струга, В.Ќ. од Струга пријавил дека две лица од неговата продавница купиле производ со фалсификувана банкнота од 50 евра. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.12.2020 во 19.15 часот било пријавено дека на бул.„8 Септември" во Скопје патничко возило удрило во пешакот С.З.(52) од Скопје и го напуштило местото на незгодата. Пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „8 Септември". Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.12.2020 во 21.20 часот било пријавено дека во казино на подрачјето на Центар бил нарушен јавниот ред и мир, со физичка пресметка помеѓу Д.М.(27) и О.Ц.(19), двајцата од Скопје. Сочинети се записници за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 01.12.2020 во 05.25 часот било пријавено дека на подрачјето на Бит Пазар бил пронајден починат М.Ш.(27) од Скопје. Од страна на лекар од Итна медицинска помош била констатирана смрт. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било предадено за обдукција.

На 01.12.2020 во 21.00 часот во СВР Скопје, од приватна болница било пријавено дека кај нив со повреда на нога бил донесен Ј.Е.(54) од Скопје. Во разговор со полициски службеници Ј.Е. изјавил дека, додека излегувал од својот автомобил, бил погоден од проектил. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет